Бр: 10-166
Скопје: 25.11.2025

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош поднесено од страна на Министерството за култура и туризам бр. 74-10139/2 од 24.11.2025 година, на седницата одржана на 25.11.2025 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите, како и формата и содржината на барањето за добивање на субвенции и потребната документација за странскиот организиран туристички промет („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 218/25) претставува **шема на помош** согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош

Средствата доделени од страна на Министерството за култура и туризам во вкупен износ од 100.000.000 денари од Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 228/25) врз основа на Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите, како и формата и содржината на барањето за добивање на субвенции и потребната документација за странскиот оргарнзиран туристички промет („Службен весник на Република Македонија„ бр. 218/25) за остварување на субвенции за вршителите на туристичка дејност и туроператорска дејност за престој на странски туристи во Република Северна Макеоднија, и тоа за:

- организиран групен превоз, со посебно закупени автобуси, авиони и возови или закупени најмалку десет места во наведените превозни средства, од местото на поаѓање на групата до местото на користење на услугата во сместувачкиот објект, при што возењето со автобус, авион или воз, за време на престојот во Република Северна Македонија не се вклучени, освен во случајот на организиран групен превоз со закупен авион каде што се вклучени, доколку Програмата содржи престој во Република Северна Македонија со најмалку три ноќевања со појадок во сместувачки капацитети;

- организиран групен превоз со целосно закупени авиони, посебно закупен чартер со полетување и слетување од/во Република Северна Македонија и најмалку три ноќевања со појадок во категоризирани сместувачки капацитети во Република Северна Македонија ;

- организиран групен превоз на редовни авионски линии или редовен железнички и автобуски сообраќај со доаѓање и враќање на групата (најмалку десет лица во групата), доколку Програмата содржи престој во Република Северна Македонија со најмалку остварени три ноќевања со појадок во категоризирани сместувачки капацитети ;

- комбинирана тура – организиран групен превоз во комбинација со две превозни средства како главни превозни средства (авион, автобус или воз), при што превозното средство за доаѓање на одредената дестинација се смета за главно и за него се поднесува барање доколку Програмата содржи престој во Република Северна Македонија со најмалку остварени две ноќевања со појадок во категоризирани сместувачки капацитети ;

- кружни тури кои се организираат во земјите од регионот (најмалку десет лица во група) со организиран превоз при поаѓање и заминување на авион, автобус или воз доколку се остварат најмалку две ноќевања со појадок во Република Северна Македонија и најмалку едно ноќевање во земјите од регионот

претставуваат **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, која како **шема на помош** во смисла на член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош ја доделува Министерството за култура и туризам и чие доделување е **дозволено** согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош бидејќи се работи за помош наменета за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (во натамошниот текст „Закон”), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст „Комисија”) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош.

Притоа, секој давател на државна помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот е должен, согласно член 13 став (1) од Законот, до Комисијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Во врска со субвенционирање на странскиот организиран туристички промет, Министерството за култура и туризам со допис бр. 74-10139/2 од 24.11.2025 година (Наш бр. 10-166 од 24.11.2025 година) достави Известување за планирано доделување на помош врз основа на Правилник за начинот, видот и висината на субвенциите, како и формата и содржината на барањето за добивање субвенции и потребната документација за странскиот организиран туристички промет („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 218/25) и  Програма за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 228/25) согласно со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување  доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11).

Комисијата оцени дека известувањето доставено од страна на Министерството за култура и туризам е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот односно дека таквото известување по форма и содржина е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на

државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (во натамошниот текст „Уредба”).

Во врска со Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите, како и формата и содржината на барањето за добивање на субвенции и потребната документација за странскиот организиран туристички промет (во натамошниот текст „Правилник”) Комисијата оцени дека претставува **шема на помош** во смисла на член 4 став (1) точка 1) од Законот односно правен акт врз основа на кој, без обврска на дополнително одобрување од страна на Комисијата, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува исполнувањето на кумулативен начин на четирите следни критериуми:

- таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- да биде селективна;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Комисијата утврди дека субвенционирањето на странскиот организиран туристички промет предвидено и пропишано во програмите содржани во Правилникот („Службен весник на Република Македонија” бр. 218/25) претставува државна помош заради фактот што:

- таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства бидејќи средствата во износ од 100.000.000 денари се доделуваат од буџетот на Република Северна Македонија. Доделувањето државни средства за намената субвенционирање на странскиот организиран туристички промет подразбира расход т.е. намалени приходи на државата

- селективноста на мерката според Комисијата се гледа како во фактот на одредување само на еден економски сектор (туризмот) за поддршка, така и во делот на претпријатијата кои даваат таков вид на услуга во тој економски сектор. Само организаторите (туроператорите и вршителите на туристичка дејност) кои ќе бидат во можност да доведуваат странски туристи за престој во државата ќе остварат субвенции. Другите организатори кои делуваат на овој сектор (пазар) и кои нема да бидат во можност да доведуваат странски туристи за престој во Република Северна Македонија, ќе бидат оневозможени да бидат дел од таквата можност за добивање средства како субвенции од страна на државата – а овој факт според Комисијата исто така подразбира селективност. Освен од аспект на економскиот сектор, селективноста на оваа мерка според Комисијата може да се види и од аспект на тоа дека таквите субвенции ќе им се доделуваат само на

малите и средните претпријатија, при тоа отстранувајќи ја можноста за добивање на такви субвенции за големите претпријатија.

- таквата мерка претставува поволност за примателот бидејќи со таквата доделена државна помош им се овозможува економска предност на пазарот споредено со другите конкуренти кои нема да добиваат таков вид субвенции т.е. државна помош поради нивната неможност да доведуваат странски туристи за престој во државата

- таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата затоа што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на претпријатијата т.е. туроператорите и вршителите на туристичка дејност кои ќе доведуваат странски туристи за престој во државата.

Од горенаведеното Комисијата заклучи дека субвенционирањето на странскиот организиран туристички промет предвидено и пропишано во програмите содржани во Правилникот претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот заради фактот што таквата доделена помош подразбира расход на државата и истата ја нарушува или може да ја наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги. Ваквата државна помош доделена од страна на Министерството за култура и туризам за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет е дозволена во смисла на член 8 став (2) точка б) од Законот, бидејќи се работи за помош наменета за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија.

При испитување на доставената Програма за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година („Службен весник на Република Македонија„ бр. 228/25) во која е предвидено да се субвенционира странскиот организиран туристички промет за сите програми предвидени во член 3 од Правилникот, Комисијата ги оценуваше програмите содржани во овој правилник како и висината на субвенциите кои треба да им се доделуват на туроператорите и вршителите на туристичка дејност за донесените странски туристи во Република Северна Македонија со користење на одделни видови на превоз – автобуски превоз, авионски превоз, железнички превоз, за комбинирани тури во Македонија и кружни тури во регионот.

Во Правилникот е наведено дека субвенцијата се доделува за престој на странски туристи во државата на дел од трошоците за остварен организиран воздушен, патен и железнички туристички промет и комбинирани и кружни тури во тековната година. Секој од користените начини на транспорт кој се избира за донесување на странските туристи подлежи на посебни услови на плаќање на субвенцијата, но и од фактот од кои земји се привлекуваат туристите од страна на туроператорите и вршителите на туристичка дејност.

Во Правилникот е наведено дека висината на субвенции за програма за одмор во странски патен автобуски туристички промет, субвенцијата може да се оствари само за однапред закупен автобус или закупени минимум десет места во редовни линии и тоа за:

- Албанија, Бугарија, Србија, Косово, Грција, Црна Гора, Босна и Херцеговина доделувајќи 10 евра во денарска противвредност по странски турист;
- Турција, Романија, Унгарија, Словенија, Хрватска доделувајќи 15 евра во денарска противвредност по странски турист;
- сите останати земји 20 евра во денарска противвредност по странски турист.

Во условите кои се предвидуваат за ваков вид транспорт исто така е наведено дека за доставното возење, празното возење од местото на поаѓање на групата и возењето за време на престојот во дестинацијата, не се добиваат субвенции. Исто така субвенција не може да се добие за автобуски трансфери од аеродромите до сместувачките објекти.

За начинот и условите кои треба да се исполнуваат од страна на организаторите за да имаат можност да добиваат субвенции за програма за одмор во странски воздушен туристички промет е предвидено дека: субвенција за авионскиот превоз по остварен странски турист организаторот може да добие со закуп на авион во целост, дел од авионот или за најмалку десет странски туристи кои сообраќаат на редовна авионска линија на сите воздухопловни пристаништа во Република Северна Македонија. За воздушен сообраќај субвенцијата изнесува 25 евра во денарска противвредност по пристигнат странски турист. Висината на субвенцијата по пристигнат странску турист од:

- Словачка, Унгарија, Романија, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Бугарија изнесува 35 евра во денарска противвредност ;
- за земјите од Бенелукс (Белгија, Холандија, Луксембург), Финска, Норвешка, Данска, Шведска, Русија, Украина, Обединети Арапски Емирати, Кина, Индија, Германија, Велика Британија, Ирска, Казахстан, Азербејџан, Катар, Соединетите Американски Држави, Јапонија, Израел, Австрија, Малезија, Јужна Кореја, Италија, Франција, Полска, Чешка и Шпанија, изнесува 65 евра во денарска противвредност ;
- од интерконтинентални дестинации (Јужна Америка, Австралија и далечен Исток), изнесува 45 евра во денарска противвредност.

За чартер превозот субвенцијата изнесува 25 евра во денарска противвредност по пристигнат странски турист за сите воздухопловни пристаништа во Република Северна Македонија. Висината на субвенцијата по пристигнат странски турист од:

- Словачка, Унгарија, Романија, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Бугарија изнесува 35 евра во денарска противвредност ;
- за земјите од Бенелукс (Белгија, Холандија, Луксембург), Финска, Норвешка, Данска, Шведска, Русија, Украина, Обединети Арапски Емирати, Кина, Индија, Германија, Велика Британија, Ирска, Казахстан, Азербејџан, Катар, Соединетите Американски Држави, Јапонија, Израел, Австрија, Малезија, Јужна Кореја, Италија, Франција, Полска, Чешка и Шпанија, изнесува 65 евра во денарска противвредност.

За чартер превозот може да се овозможи, превозот на првата група при доаѓање односно последната група при одење, организаторот да може да го организира со друго превозно средство, при што за таа група се добива субвенција во износ од 15 евра во денарска противвредност по реализиран странски турист.

Субвенција за чартер можат да добијат само организатори кои чартерот ќе го организират на сопствен ризик. Ако чартерот го организира странска воздухоплпвна компанија на сопствен ризик, а организаторите на патувањата закупат дел од чартерот, субвенција можат да добијат само доколку за закупените најмалку десет места има пакет аранжман со најмалку престој од три дена со услуга ноќевање со појадок, а нема да може да добие воздухопловна компанија. Во случај повеќе организатори да користат ист чартер авион, барање за субвенција поднесува организаторот закупоприматeл со целокупна документација од сите организатори. Барање за субвенција се поднесува за секоја дестинација/аеродром и секој лет. Во случај на неможност за слетување на договорениот аеродром од технички или други оправдани причини, ќе се признае слетување на најблискиот аеродром со доказ за причините за промена на аеродромот. За последен празен лет не може да се добие субвенција.

Висината на субвенции за програма за одмор во железнички туристички промет изнесува 15 евра во денарска противвредност по донесен странски турист. Субвенција може да се добие за закупен цел воз, закупен вагон или минимум закупени десет места на редовна линија на возот. Барањата за субвенции се поднесуваат за секое одредиште и секое возење. Исто така субвенција може да се добие и за автобуските трансфери од железничката станица до сместувачкиот капацитет доколку сместувачкиот капацитет е во град во кој нема железничка станица.

За комбинираните тури кои опфаќаат авионски превоз при доаѓање во дестинацијата, висината на субвенцијата изнесува 15 евра во денарска противвредност по донесен странски турист. За комбинираните тури кои опфаќаат автобуски превоз при доаѓање во дестинацијата, висината на субвенцијата изнесува 10 евра денарска противвредност по донесен странски турист.

Организаторот исто така може да добие субвенција за организирани групни (минимум десет лица во група) кружни тури во регионот за странски туристи кои во Република Северна Македонија доаѓаат со автобус или авион, кои ќе остварат најмалку две ноќевања со појадок во Република Северна Македонија и најмалку едно ноќевање во регионот. Висината на субвенцијата за ваков вид на донесување на туристи изнесува 15 евра во денарска противвредност по секој донесен странски турист.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**